## ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПРИМЕНАТА НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА СМЕТКОВОДСТВЕНИОТ И РЕГУЛАТОРНИОТ ТРЕТМАН НА СРЕДСТВАТА ПРЕЗЕМЕНИ ВРЗ ОСНОВА НА НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА

Регулативата за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања ги опфаќа Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13) и Упатството за спроведување на Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања („Службен весник на Република Македонија" бр. 107/13).

**Прашање:**

Како треба да се утврди висината на загубите за оштетување за преземеното средство, коишто банката треба да ги издвои во согласност со главата II од Одлуката?

**Одговор:**

Согласно со Одлуката, банката треба да прикаже оштетување на датумот на признавање коешто е најмалку еднакво на 20% од почетната сметководствена вредност на преземеното средство. Оваа одредба не забранува банката да прикаже и поголем износ на оштетување за преземеното средство од минималните 20% од неговата почетна сметководствена вредност. Напротив, банката треба да го поврзе утврдувањето на висината на почетните загуби за оштетување на преземеното средство со реалната можност за негова продажба, како и реалните услови за контрола и управување со стекнатиот имот со цел одржување на неговата вредност и продажба.

На пример, во случаите на преземено средство во услови на отворената стечајна постапка кога е констатирана неможност за отуѓување на имотот на стечајниот должник, или станува збор за голем број стечајни доверители заради што не е можна физичка делба на имотот, реално би било банката целосно да ја затвори исправката на вредноста за побарувањата коишто се предмет на намирување со издвојување загуба за оштетување за преземеното средство (да не евидентира ревалоризациска резерва).